Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип
Факултет за туризам и бизнис логистика - Гевгелија

Општина Дојран

---

# ТУРИЗМОТ ВО ДОЈРАНСКИОТ РЕГИОН



ШТИП, 2012

## ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ ОД НАУЧНО-СТРУЧНА ТРИБИНА одржана на 20 април 2012 година во Дојран

**Издавач:**
***Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип***
***Факултет за туризам и бизнис логистика - Гевгелија***

**Покровител:**
***Г-дин Глигор Чабулев,***
**Градоначалник на Општина Дојран**

***За издавачот*:**
**Доц. д-р. Нако Ташков,** ***Декан на ФТБЛ - Гевгелија***

***Редакција*:**
**Доц. д-р. Нако Ташков,** ***претседател***
**доц.д-р Никола В. Димитров,** ***одговорен уредик***
**Доц.д-р Дејан Методијески,** ***технички секретар***
**д-р. Тања Ангелкова,** ***технички секретар***
**Доц.д-р Билјана Петревска,** ***член***
**Данче Гавриловска - Атанасовска,** ***јазична редакција***

**Организационен одбор:**
Доц. д-р Нако Ташков, Декан, *претседател*
Доц. д-р Никола В. Димитров, продекан, *секретар*
Доц. д-р Златко Јаковлев
Доц. д-р Цане Котески
Доц. д-р Билјана Петревска
Доц. д-р Елизабета Митрева
Доц. д-р Драшко Атанасоски
Магдалена Кречева, Општина Дојран
Андреј Ангеловски, Општина Дојран

**Секретаријат:**
М-р Тања Ангелкова,
М-р Дејан Методијески,
М-р Душица Санева,
М-р Татјана Џалева,
М-р Наташа Колевска,
М-р Оливер Филипоски,
М-р Душко Јошески,
М-р Снежана Дагалева,
М-р Владимир Китанов
М-р Зоран Темелков,
М-р Анета Стојанова

# С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕДГОВОР**.......................................................................................................7

**ПРОФ. Д-Р БЛАГОЈА МАРКОСКИ**

ДОЈРАНСКА КОТЛИНА.......................................................................................9

**ПРОФ. Д-Р МАРИЈА АЦКОВСКА, ДОЦ. Д-Р НЕДА ПЕТРОВСКА**

ПОТЕНЦИЈАНИ ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ТУРИЗМОТ ВО ДОЈРАНСКИОТ РЕГИОН...15

ПРОФ. Д-Р **ГОРДАНА ПАНОВА**

ЛЕКОВИТОСТА НА ДОЈРАНСКОТО ЕЗЕРО.......................................................21

**ПРОФ. Д-Р РИСТЕ ТЕМЈАНОВСКИ**

ПОДОБРУВАЊЕ НА ПАТНАТА ИНФРАСТРУКТИРА ВО РЕГИОНОТ НА ДОЈРАНСКОТО ЕЗЕРО ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ПОИНТЕНЗИВЕН ТУРИСТИЧКИ РАЗВОЈ.............................27

**ДОЦ. Д-Р РУБИН ЗЕМОН**

ПОПУЛАРИЗАЦИЈА НА АНТРОПОЛШКИТЕ ВРЕДНОСТИ НА ДОЈРАНСКИОТ РЕГИОН КАКО МОЖНОСТ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ.......................................................39

**ДОЦ. Д-Р ВИОЛЕТА МАЏОВА**

СРЕДСТВАТА НА ИПАРД ВО ФУНКЦИЈА НА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ТУРИЗМОТ ВО ДОЈРАН...................................................................................................53

**ДОЦ. Д-Р МАРГАРИТА МАТЛИЕВСКА**

ОСВРТ НА ПРОЕКТОТ „СПАС НА ДОЈРАНСКОТО ЕЗЕРО“...................................65

**Доц. д-р Нако Ташков, м-р Тања Ангелкова, м-р Татјана Џалева**

Плажите во функција за зголемување на туристичкиот промет во Општина Дојран......................................................................................................75

**Доц. д-р Никола В. Димитров, м-р Душко Јошески**

Основни социо-економски параметри за унапредување на туризмот во Општина Дојран..........................................................................................81

**Доц. д-р Дејан Илиев**

Со развојот на риболовниот туризам до продолжување на туристичката сезона на Дојранското Езеро........................................................................93

**Доц. д-р Билјана Петревска**

Предвидување на туристичката побарувачка во Дојранскиот регион.........101

**Доц. д–р Елизабета Митрева, м-р Оливер Филипоски**

Примена на стратегии на TQM (total quality management) во унапредување на квалитетот на услугите во туризмот.......................................................113

**Доц. д-р Златко Јаковлев, м-р Влатко Пачешкоски**

Програмирање на спортско-рекреативната анимација во Дојранскиот регион......................................................................................................125

**Доц. д-р Цане Котески, М-р Владимир Китанов**

Структура на патната мрежа и нејзиното влијание врз развојот на туризмот во Општина Дојран..........................................................................................137

**Д-р Марија Магдинчева – Шопова**

Улогата на малите претпријатија во развојот на туризмот во Дојранскиот регион...............................................................................................147

**Доц. д-р Нако Ташков, м-р Владан Андоновиќ, Доц. д-р Дејан Методијески, Илија Лазаревски**
Имплементација на информационо управувачки систем за Општина Дојран....155

**Доц. д-р Никола В. Димитров**,
Од идеја до реализација (ККК – „ПОЛИН“ – Полифункционална содржина на туризмот во Општина Дојран)....161

**Доц. д-р Драшко Атанасоски**
Влијанието на сообраќајната поврзаност за раст на туризмот во Дојранскиот регион....171

**М-р Ленче Насев**
Културните и музичките манифестации како значаен фактор за развој на туризмот во градот Дојран....185

**М-р Душица Санева, М-р Снежана Бардарова, М-р Горан Антониевски**
Гастрономската понуда како фактор за развој на туризмот во Дојран....191

**М-р Наташа Колевска, Јулија Наковска**
Потенцијали за развој на екохотели во Дојран....197

**М-р Кристина ковачевиќ**
Бизнис етиката во функција на долгорочен развој на туризмот во Дојран...209

**М-р Ванѓа Димитриева – Кузамноска**

Секојдневното користење на традиционалните носии во угостителските објекти како една развојна точка за усовршување на туризмот во Дојранскиот регион.......................................................................................................................219

**М-р Марина Радосављевиќ-Бојчева, М-р Зоран Темелков, М-р Костадинка Чабулева**

ИПА Фондови: Можности и перспективи за развој на туризмот во Дојранскиот регион......................................................................................................................225

**Бранко Бизоев**

Дестинациската менаџмент компанија како можност за поголема афирмација на културните и гастрономски вредности на Дојранскиот регион......................................................................................................................233

**Тихомир Ручкоманов**

Дојранска бартер берза..........................................................................................245

**Петранка Чалков**

Рибарството и аквакултурата во Дојранскиот регион......................................253

**Ефтимова Елизабета, Дукова Маја**

Алтернативни форми на туризмот во Дојранскиот регион.............................261

**ЗАКЛУЧОЦИ** …………………………………………………………………...269

# ПРЕДГОВОР

Организаторите и реализаторите на Научно-стручната трибина „Туризмот во дојранскиот регион“ одржана на 20. април 2012 година во Стар Дојран, ја исполнија дадена обврската дадена на почетокот, а тоа е издавање на Зборник на трудови.

Со успешно менаџирање, Редакцијата на Зборникот, на стручната и пошироката јавност им ги претставува сите 28 трудови презентирани на трибината.

Дојранскиот регион е еден од најразвиените туристички простори во источниот дел од Република Македонија кој дава, но и може да даде уште многу разновидни туристички услуги и производи.

Се надеваме, идеите изнесени во Зборникот ќе претставуваат добра основа за изработка на Стратегија за развој на туризмот во Дојранскиот регион и имплементација на истата.

Редакцијата, на сите субјекти им се заблагодарува за добронамерните сугестии и помош околу издавањето на Зборникот.

***Редакција***

**М-р Наташа КОЛЕВСКА**[77]
**Јулија НАКОВСКА**[78]

# ПОТЕНЦИЈАЛИ ЗА РАЗВОЈ НА ЕКОХОТЕЛИ ВО ДОЈРАН

## Апстракт

Како во светот така и во Р. Македонија туристичката индустрија бележи континуиран раст. Дојран е еден од градовите каде туристичкото стопанство претставува главна стопанска гранка. За таа цел во овој труд е направен краток преглед на целокупната туристичка индустрија притоа фокусирајќи се на екотуризмот како сектор со најбрз раст од оваа индустрија. Потенцијалите и можностите за развој на екотуризмот во Дојран како и придобивките од истиот се главниот фокус на овој труд.

**Клучни зборови:**туристичка индустрија, екотуризам, екохотели

## Дефинирање на туристичката индустрија

Како една од најголемите индустрии во светот, туристичката индустрија е директно инволвиранаво повеќе примарни сектори од светската економија. Ваквиот феномен кој е поврзан со економските, социо-културните, и општествените аспекти на животот, се темели врз примарните, секундарните и терцијалните производствени и услужни дејности. Самото тоа влијае врз комплексноста на неговото дефинирање. За таа цел, сите дефиниции за туристичката индустрија се стремат кон дефинирање на најважните елементите кои таа ги опфаќа како влијанието кои го имаат врз индустријата во целост. Така на пример, според Лајпер начинот на кој што треба да се пристапи кон туризмот треба да биде изграден околу структурата на самата индустрија, на која пак се гледа како отворен систем од 5 елементи: динамичниот човечки елемент, создадениот регион, транзитниот регион, дестинација, и туристичката индустрија. (Fennell, 1)

[77]Асистент м-р Наташа Колевска Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика, „Крсте Мисирков“ б.б., natasa.kolevska@ugd.edu.mk
[78] Демонстратор Јулија НаковскаУниверзитет „Гоце Делчев“ Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика, „Крсте Мисирков“ б.б., julija.nakovska@ugd.edu.mk

Според Матисон и Вал (1982) туризмот опфаќа 3 основни елементи и тоа: динамичен елемент кој вклучува патување до одредена дестинација, статичен елемент кој вклучува престој во дестинацијата и индиректен елемент кој се јавува како резултат од горенаведените елементи и ги вклучува ефектите на економските, социјалните и физичките подсистеми со кои туристот е директно или индиректно во контакт. Од друга страна пакМилиМорисон, го дефинираат туризмот како систем со меѓусебно поврзани елементи, вклучувајќи ги 4-те компоненти: пазар, патување, дестинација, и маркетинг.Наједноставно кажано, туристичката индустрија е онаа која ги носи луѓето од нивните домови до одредено место (и назад), притоа обезбедувајќи сместување и храна. (Fennell, 6)

Не секогаш во илустрацијата на масовниот туризмот биле земени во предвид интересите на локалните луѓе и основните извори. Но, сепак, при истражувањата спроведени во 1980-тите години се дошло до сознание дека се потребни нови, социјално и еколошки поблаги алтернативи за развојот на самиот масовен туризам. Тој, “поблаг“ пристап ги издвојува природните и културните извори во центарот на планирањето и развојот, со што круцијално го зголемува значењето на истите што го имале во тоа време. Самиот алтернативниот туризам претставува општ термин кој опфаќа широк спектар на туристички стратегии (на пр. “соодветен“, “својствен“, “еко“, “одговорен“, “контролиран“, “во мал размер“, “зелен“ туризам и сл.) кои нудат поблаги алтернативи за конвенционалниот масовен туризам во одредени дестинации. (Fennell, 10)

Всушност алтернативниот туризам е форма на туризмот усогласена со природните, социјалните и општествените вредности кој овозможува и домаќините и гостите да имаат позитивни искуства од овој вид на туризам. Според Дернои (1981) придобивките од алтернативниот туризам можат да се почувствуваат на 5 начини:

1. Бенифиции за индивидуите или фамилиите – користејќи ги локалните домови како сместувачки капацитети ќе се обезбеди приход директно до фамилиите. Истовремено фамилиите се стекнуваат со менаџерски вештини.
2. Бенифиции за локалната заедница – алтернативниот туризам обезбедува приход за членовите на општината зголемувајќи ги стандардите на живеење притоа избегнувајќи големи трошоци за јавна инфраструктура
3. Бенифиции за земјата домаќин – алтернативниот туризам ќе го спречи одливот на приходи од туризам надвор од земјата а исто

така и ќе спречи и социјални тензии и ќе ги зачува локалните традиции.

4. Бенифиции за оние од индустријализираните земји – алтернативниот туризам е идеален за патници кои се совесни за трошоците или за луѓе кои преферираат блиски контакти со локалното население
5. Бенифиции за интернационалните врски – со алтернативниот туризам може да се промовираат интеррегионални и интеркултурни сфаќања. (Fennell, 15)

Ваквиот посензитивен пристап кон развојот на туризмот се обидува да ги задоволи потребите на локалните луѓе, туристите и основните извори на комплементарен наместо компетитивен начин.

**Алтернативни форми на туризмот- Екотуризмот како алтернативна форма**

Покрај поделбата на турмот на масовен туризам и алтернативен туризам, постои и поделба на алтернативниот туризам и тоа на: културолошки, едукативен, научен, авантуристички и агро туризам. Шематскиот приказ на поделбата е претставен подолу на сл. 1. (Wearing, 4)



**FIGURE 1.1** *Alternative Tourism (Mieczkowski 1995: 459).*

Сл.бр. 1

Како што може да се забележи од сл.бр. 1 сите форми на алтернативниот туризам всушност го претставуваат екотуризмот.

Поимот екотуризам се користи за да се објасни врската помеѓу туристите и опкружувањето како и културите во кои тие взаемно дејствуваат. Според Хетзер постојат четіри фундаментални столбови кои треба да се следат со цел да се постигне одговорна форма на туризмот. Тука се вклучени: минимално влијание врз околината, минимално влијание врз – максимален почит кон – домашната култура, максимални економски бенефиции за обичните луѓе во земјата-домаќин, и максимална рекреативна сатисфакција за туристите кои партиципираат. Понатаму Фенел продолжува и го објаснува екотуризмот како конвергентна еволуција каде неколку места и луѓе независно одговараат на потребите за патувачки можности поблиски до природата во соодност со напорите на целокупното општество со цел да се стане еколошки свесен. Според него екотуризмот всушност претставува природен туризам со низок степен на влијание кој придонесува за зачувување на видовите и живеалиштата, или директно преку придонес за заштита и/или индиректно претставен во самиот приход за локалната заедница кој е доволен за локалните луѓе да го вреднуваат и заштитуваат нивниот животински/растителен свет. (Wearing, 12)

Според Валас и Пирс туризмот може да биде претставен како екотуризам само доколку ги содржи во себе следните шест принципи:

1. Наметнува на тип на употреба кој ги минимизира негативните влијанија врз околината и локалните луѓе
2. Зголемување на свесноста и разбирање на природната околина и културните системи и вклучување на посетителите во проблеми кои влијаат врз тие системи
3. Придонесува возачување и менаџирање на легално заштитените и други природни области
4. Максимизирање на раната и долгогодишна партиципација на локалните луѓе во процесот на одлучување кој ги детерминира типот и количината на туризмот
5. Економски и други бенифиции за локалните луѓе кои не ги заменуваат туку ги надополнуваат традиционалните обичаи (земјоделство, риболов, општествено уредување итн.)
6. Обезбедување специјални можности за логалните луѓе и вработените во природниот туризам за посета и искористување на природните средини и обука за “чудата“ кои посетителите доаѓаат да ги видат. (Fennell, 23)

Оваа организација го дефинира екотуризмот како одговорно патување до природните области кои ја чуваат околината и ја подобруваат благосостојбата на локалните луѓе. Екотуризмот е одржлива форма на природниот туризам кој се фокусира главно на експериментирање и учење за природата и е менаџиран како туризам со мало влијание, без потрошувачка и локално ориентиран (контрола, бенифиции и мерки). Карактеристично е тоа што се јавува во природни средини и се стреми кој зачувување и одржување на тие средини.

Екотуризмот фклучува 4 фундаментни елементи:

1. Патување од една локација на друга (ограничено на релативно непопречена или заштитена природна средина)
2. Екотуризмот се засновува на природата
3. Екотуризмот има заштитничка цел
4. Екотуризмот има едукативна улога (Wearing, 25)

Надоврзувајќи се на веќе поставените темели, Свансон го дефинира екотуризмот како патување, најчесто во земјите во развојво релативно непопречените природни средини за учење, уживање или доброволна помош во интерес на флора, фауна, геологија и екосистемите на дадената локација - како и луѓето кои живеат блиску, нивните потреби, нивната култура и врската со земјата. За таа цел популарни туристички дестинации се парковите, природните резерви и природни околини.(Wearing, 40)

**Придобивки од екотуризмот**

Според Светската Туристичка Организација (WTO) туристичката активност се очекува да достигне раст до 4,3% на годишно ниво од 2008 до 2013та година. Самиот екотуризмот е сектор со најбрз раст во туристичката индустрија, каде што е забележан 3 пати поголем пораст во односна целата индустрија. (Wearing, 6)

Екотуризмот важи за централна платформа на стратегиите за развој на повеќе земји. Истиот има витално значење за владите поради неговиот потенцијал за алтернативни форми кои придонесуваат за економски развој и тоа преку вработувања, способност за генерирање странски капита, како и способноста да генерира регионален раст.Според Чок (2007) предвидувањата за зголемен раст на туризмот во земјите во развој каде што сиромаштијата е на повисоко ниво, придонеле до зголемен интерест за туризмот како средство преку кои

би дошло до намалување на сиромаштијата во тие региони. (Higham, 10)

За полесно објаснување на големиот раст во овој сектор, потребно е да се разгледаат како и да се потенцират очекуваните бенифиции и придобивки од екотуризмот. Самататуристичката индустрија има потреба одстабилна бизнис клима со финансиска сигурност, обучена и одговорна работна сила, квалитет со цел да се обезбеди постојан прилив на посетители (кои ќе останат подолгои чии посети ќе бидат почести) како и значаен приход.Оние кои се заинтересирани за природната средина и културното богатство бараат заштита на општеството преку превенција, подобрување, санација на штетата и обнова, со цел да се мотивираат луѓето да бидат свесни и да се грижат за природните богатства. Од друга страна пак локалните заедници бараат здрава средина за живеење изразена преку храна, чиста вода, здравство, работа за правичен надомест, едукација и рекреација како и можности да донесуваат одлуки за иднината. (Higham, 25)

Постојат голем број напричини поради кои одредена локалната заедница би се одлучила на развој на екотуризмот,некои од нив се:

- Желбата да се биде дел од квалитетен раст во туризмот воопшто
- Познавање на вредностите на природните атракции во локалната околина и потребата од одржлив туризам
- Желбата за одговорна обнова на локалната туристичка индустрија
- Зголемена побарувачка за сместувачки хотели и продавници за храна и пијалок, од каде се за зголемува изградбата на хотели, мотели, гостински куќи итн.
- Дополнителен приход за локалните малопродажни бизниси и други услужни дејности (како што се банките, продавниците за сувенири, туристички атрактивности, здравството)
- Зголемен пазар на локални производи со што ќе се одржат и традиционалните обичаи и вработувањето на локална работна сила и компетентност (на пр. еко водичи, дополнителен персонал во сместувачките и угостителските објекти
- Извор за финансирање на центри за заштита и одржување на природните атрактивности и симболи на културното наследство
- Финансирање и/или волонтирање за теренска работа поврзана со истражување на животинскиот и растителен свет како и за археолошки истражувања

- Зголемување на локалната свест за вредноста на локалната култура и природната средина (Higham, 70)

Популарноста на екотуризмот е директно поврзана со потрагата по побогато искуство од одморот од страна на посетителите. По дефиниција, екотуризмот е директно поврзан со природата и културата на дестинацијата, овозможувајќи му на туристот подобро да ја процени новата средина, да го искуси чувството за авантура, да се релаксира и да истражува.Самите почетоците на екотуризмот се претставени прекуизградба на тенди, платформи, домашни колиби, и слични помалку видливи и изолирани градби со ниска густина. (Ecotourism Policy and Planning, 30)

Самите сместувачки капацитети на екотуризмот нудат нова димензија и освежување на локалниот туристички производ. Тие ја имаат способноста да обезбедат различен и широк опсег на сместувачки капацитети предизвикувајќи ги традиционалните недвижнини да ги преиспитат своите услови и стандарди. Тие исто така обезбедуваат едукативни извори за својата околина за подобрување не само на искуството на посетителите туку и нивниот животен квалитет.
Добро земјиште во локалната култура и нагласување на долготрајниот дизајн, конструкција и дејствување многу ќе придонесат кон искреноста и успехот на иницијативата.

**Формулар за рангирање на екохотели**

Исто како и целокупната туристичка идустрија така и екотуризмот има потреба од стандарди и организации кои ќе обезбедат континуиран одржлив развој и подобрување на секторот во целост. Улогата на екотуристичките организации е да го направат екотуризмот алатка за одржлив развој вклучувајќи:

1. Истражување
2. Регулација
3. Развој на стандарди (директиви, кодекси и сертификати)
4. Развој на препријатиетото/индустријата, вклучувајќи промоција
5. Лобирање и застапување
6. Едуцирање на потрошувачите и професиите
7. Развој на политика и имплементација
8. Собирање средства за општината и заштита/одржување
9. Развој на алатки за менаџирање и стратегии("Why Should Hotels Be Green”)

Иако различни, сепак секаде во светот постојат формулари и стандарди според кои туристичкиот или угостителскиот објект се стекнува со лиценца за работа и рангирање. Така и во екотуризмот постојат формулари кои се користат за рангирање на екохотелите.
На следната слика е претставен еден од нив:

| | |
|---|---|
| Име на хотелот | |
| Адреса | |
| Телефон | |
| Е-маил адреса | |
| Вебстрана | |

| |
|---|
| **Рангирање според енергетската потрошувачка** |
| 1.<br>2.<br>3.<br>4.<br>5. |
| Рангирање : |
| Забелешка: |
| **Рангирање според потрошувачка на водата** |
| 1.<br>2.<br>3.<br>4.<br>5. |
| Рангирање : |
| Забелешка: |
| **Рангирање според отпадокот** |
| 1.<br>2.<br>3.<br>4.<br>5. |
| Рангирање : |
| Забелешка: |
| **Рангирање според еко активноста** |
| 1.<br>2.<br>3.<br>4.<br>5. |

| |
|---|
| Рангирање : |
| Забелешка: |
| **Рангирање според заштитата** |
| 1.<br>2.<br>3.<br>4.<br>5. |
| Рангирање : |
| Забелешка: |

На крај е оставен простор каде треба да се напише краток опис на хотелот. ("Why Should Hotels Be Green?")

**Општи карактеристики за градот Дојран**

Дојран е историски градво југоисточниот дел на Република Македонија на брегот на Дојранското Езеро околу кое се простираат три населби : градот Стар Дојран, градот Нов Дојрани селото Дојран. Дојран е претежно ритчесто подрачје со остатоци од повеќе културно-историски споменици. Главни дејности во градот се: туристичкото стопанство, лозарството, градинарството и одгледувањето на тутун, развој на сточарството, на металопреработувачката, градежна и друга индустрија. Заради опстанок на туризмот како најважна стопанска гранка, во 2008 година отворен е туристичко информативен центар кој располага со податоци за општината, сместувачки капацитети и служи за пријавување на туристи. Во последниве години во Дојран е забележан тренд на континуирано зголемување на бројот на туристи како и на реализираниот број на ноќевања. Сето тоа е резултат на покачување на нивото на водата во Дојранското Езеро. Самиотград располага со приватни сместувања, хотели, одмаралишта како и авто-кампови.(Географски карактеристики)

Заради подетелен приказ на туристичката слика во Дојран, со помош на податоците од Државен завод за статистика на Република Македонија направени се следните шематски прикази:




Сл. бр.2

Државен завод за статистика на Р.Македонија <http://www.stat.gov.mk/>




Сл. бр.3

Државен завод за статистика на Р.Македонија <http://www.stat.gov.mk/>

Првиот шематски приказ (сл.бр.2) го покажува бројот на странски и домашни туристи по години почнувајќи од 2006 година па се до 2011 година. Вториот шематски приказ (сл.бр.3) го покажува

бројот на ноќевања на странски и домашни туристи, исто така од 2006 година до 2011 година. Од двете слики може да се забележи континуиран мал раст.

Положбата на градот Дојран, бројот на туристи низ годините прикажан на горенаведените слики, веќе развиениот туризам, богатото културно наследство и природна убавина, се доволни за да се увидат можностите и потенцијалите за развој на екотуризам.

Развојот и поттикнувањето на екотуризмот во градот Дојран директно ќе влијае врз зголемувањето напосетеностана заштитените средини со што ќе се отвори можност за генерирање суштинско ниво на приход во форма на БДП. Исто така ќе се отворат можности за вработување во сите сектори и нивоа на вештини како што се директните вработувања (поврзани со услужните дејности како хотели, ресторани, концесии), индиректните вработувања (менаџер на заштитена земја, центар за изложување и сл.)како и поттикнатите вработувања (генерирани како резултат на зголемениот капацитет на трошење од страна на локалните жители). Самиот екотуризмот е движен, поседуван и контролиран од народот кој го развива заради што се одликува и со голем принос за тој народ. Покрај тоа од развојот на екотуризмот произлегуваат и социјални придобивки односно зголемување на целокупниот стандард на живеење, еколошки придобивки, како и економски придобивки доколку локалната општина учествува во туристичкиот процес.

**Резиме**

Екотуризмот претставува бегство кон природата под директно влијание од притисокот на урбаното живеење кое дава безгранични можности за развој на целокупното општество. Тој, како пракса за одржлив развој, претставува стратегија за лоцирање нови пристапи до човечката интеракција со општетството за 21виот век.

Градот Дојран заедно со Дојранското езеро е една од териториите со доста поволни туристички потенцијали во Р. Македонија. Континуираниот раст на број на туристи, како домашни така и странски, веќе развиениот туризам, богатото културно наследство и природна убавина претставуваат дел од можностите за развој на екотуризмот.

Локалната заедница, за која туристичкото стопанство е главна дејност, и општината како државно тело се во можност да го движат,

поседуваат и конторлираат екотуризмот уживајќи ги неговите стопански, економски, социјални и еколошки придобивки.

## Библиографија

Fennell, David A., and Ross Kingston. Dowling. *Ecotourism Policy and Planning*. Wallingford, Oxon, UK: CABI Pub., 2003. Print.

Fennell, David A. *Ecotourism*. 3rd ed. London: Routledge, 2008. Print.

Higham, James E. S. *Critical Issues in Ecotourism: Understanding a Complex Tourism Phenomenon*. Amsterdam: Butterworth-Heinemann, 2007. Print.

Macedonia. GLOBAL SUSTAINABLE TOURISM COUNCIL. *Глобални критериуми за одржлив туризам (Makedonski)*. N.p., n.d. Web. 05 Feb. 2012.

Wearing, Stephen, and John Neil. *Ecotourism: Impacts, Potentials and Possibilities?* 2nd ed. Amsterdam: Butterworth-Heinemann, 2009. Print.

"Why Should Hotels Be Green?" *"Green" Hotels Association*. "Green" Hotels Association, n.d. Web. 26 Jan. 2012. <http://greenhotels.com/index.php>.
"Географски карактеристики." *Дојран - Официјален веб сајт*. DOJRAN-INFO Team, n.d. Web. 27 January 2012. <http://www.dojran-info.com/>.

Државен завод за статистика. Web. 15February 2012. <http://www.stat.gov.mk/>.